ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 30 септември 2014

СООПШТЕНИЕ

За ортопедски куќи и стоматолошки здравствени установи со дејност протетика и ортодонција

Од 01.10.2014 година ортопедските куќи и стоматолошките здравствени установи, со дејност протетика и ортодонција, преку веб порталот на Фондот за здравствено осигурување, започнуваат со нов начин на евидентирање на нарачки и подигање на ортопедски помагала.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија ги известува сите ортопедски куќи и стоматолошки здравствени установи со дејност протетика и ортодонција, кои имаат важечки договор со Фондот за 2014 година, за да пристапат на веб порталот на Фондот треба да имаат креирано профил на лицата кои се овластени да нарачуваат и издаваат ортопедски помагала.

Ортопедските куќи треба да достават образец ЕЛ-ОЛ 1 со список на нивни вработени кои се овластени лица за нарачка и издавање на ортопедски помагала.

Лекарите од здравствените установи ќе добијат привилегии за пристап по автоматизам.

За заверка на ортопедско помагало со образец на кој има лепенка, податоците за заверката ортопедските куќи и стоматолошките здравствени установи ќе треба да ги побараат на веб порталот на Фондот, во делот за потврди, во формат – година на заверка – број на подрачна служба – број на заверка.

За ортопедските куќи или во стоматолошките здравствени установи кои веќе ја започнале постапката на нарачка на ортопедко помагало, но истото сеуште не е подигнато, потребно е да пополнат табела (линк од Excel табела) во формат – даночен број на ортопедската куќа или стоматолошката здравствена установа (во прва колона) – година на заверка – број на подрачна служба – број на заверка (во втора колона) и датум на нарачка (трета колона). Пополнетата табела треба во електронска форма да се достави на е-маил адреса ardianr@fzo.org.mk.

Вака доставените податоци се сметаат како валидна нарачка на ортопедско помагало.

За било какви дополнителни информации прашањата доставете ги до email адреса:

ardianr@fzo.org.mk